# ЗАКОН ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.11 од 24.01.2012 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се утврдува висината на минималната плата, како и други прашања кои се однесуваат на минималната плата.

**Член 2**

Минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок.

**Член 3**

(1) Право на минимална плата, според одредбите од овој закон, имаат сите работници, во висина утврдена согласно со овој закон.
(2) Работникот кој работи со скратено работно време, за времето поминато на работа, има право на сразмерен дел од минималната плата.
(3) Одредбите од овој закон не се однесуваат за самовработените лица.

## II. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНА ПЛАТА

**Член 4**

(1) Минималната плата изнесува 39,6% од просечната бруто плата во Република Македонија за претходната година, согласно со податоците објавени од Државниот завод за статистика.
(2) Висината на минималната плата од ставот (1) на овој член ја објавува Министерството за труд и социјална политика во "Службен весник на Република Македонија", по претходно мислење од Економско-социјалниот совет.

## III. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 5**

Надзорот над примената на овој закон, во врска со пресметката и исплатата на минималната плата, согласно со овој закон, го врши Државниот инспекторат за труд, преку инспекторите за труд.

**Член 6**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот на трудот за прв пат утврди дека е сторена неправилност од членот 4 од овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност, со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на работодавачот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе работодавачи.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот на кој се проведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку лицето или работодавачот над кого се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран во однос на утврдената неправилност.
(7) Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на испекцискиот надзор.
(8) Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочната комисија.
(9) Државниот инспекторат за труд којшто го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од обласа на трудот.
(10) Министерството за труд и социјална политика - Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран квартален преглед.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 7

(1) Глоба во износ од 6.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач, ако на работникот не му исплати минимална плата во висина утврдена според одредбите на овој закон (член 4).
(2) Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај работодавачот за прекршокот од ставот (1) на овој член.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 8

(1) Постојните колективни договори ќе се усогласат со овој закон најдоцна во рок од шест месеци од денот во влегувањето во сила на овој закон.
(2) Одредбите од колективните договори кои нема да се усогласат со одредбите од овој закон во рокот од ставот (1) на овој член, престануваат да важат.

### Член 9

Висината на минималната плата за 2012 година изнесува 8.050 денари во нето износ.

### Член 10

Во одделите во кои во јули 2011година е исплатена просечна плата под нивото од 15.600 денари во бруто износ, во наредните три години се прави усогласување со износот на минимална плата која се утврдува согласно со овој закон, со множење на истиот по следниве коефициенти:

- 0,778 за 2012 година,
- 0,852 за 2013 година и
- 0,926 за 2014 година.

**Член 11**

Подзаконските акти предвидени со членот 6 ставови (2) и (9) од овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со исплатата на платите за јануари 2012 година.